РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-320/11
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3333/1 од 11.12.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконито склучување на договори за купопродажба на опожарени дрвени сортименти помеѓу ЈП --------------------------- и правните субјекти -------------, ----------------, ------------------- на 17.06.2022 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, поради тоа што постапува друг надлежен орган.

Предметот се достави на надлежно постапување до Основното Јавно Обвинителство-Скопје.

Предметот со број 12-3333/1 од 11.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ДКСК постапува по предмет со број 12-3333/1 од 11.12.2025 година оформен по пријава со наводи за сомневање за склучување на договори за купопродажба на опожарени дрвени сортименти помеѓу ЈП ------------------------- и правните субјекти ------------------, ----------, ------------ на 17.06.2022 година.

Во пријавата се наведува дека согласно член 5 од склучените договори за купопродажба на дрвени сортименти, склучени помеѓу ЈП ----------------------- и правните субјекти --------------, ------------, ------------------------ на 17.06.2022 година, продавачот се обврзува доколку, за време

на важноста на овој договор, дојде до промена на цените на дрвните сортименти кои се предмет на договорот, договорените цени во договорот ќе останат непроменети за оној износ од авансно уплатени средства од купувачот, а за останатите количини кои се предмет на купопродажниот договор, а не се авансно платени, ЈП ------------------------ ќе фактурира по новите цени.

Со цел утврдување на фактичка состојба во предметниот случај, ДКСК достави Барање за доставување на информации до ЈП Национални шуми, Државниот пазарен инспекторат, ОЈО ----------- и Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

На ден 22.07.2024 година, ЈП -------------------- достави информација со прилог документација, со која информира дека купопродажната цена на опожарените дрвни сортименти на пенушка од ПШС „Голак" Делчево во ШСЕ „Средна Обоза" оддел 13б е утврдена со Одлука на Управниот одбор бр.---------- од 17.12.2021 година и Одлука за дополнување на Одлуката бр.----------- од 17.12.2022 година бр.----------------- од 01.02.2022 година.
Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на ЈП -------------------- бр.------------- од 21.07.2022 година е донесен од страна на Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 21.07.2022 година. Владата издала согласност со Одлука бр.--------------- од 23.08.2022 година за давање на согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на ЈП -------------------------- бр.----------- од 21.07.2022 година.

На ден 29.06.2026 година, постапувајќи по барање на ДКСК, Државен пазарен инспекторат извести дека со цел утврдување на фактичката состојба по предметот постапи согласно своите законски надлежности и извршил инспекциски надзор во правните субјекти ---------------- ДООЕЛ, -------------- ДОО експорт-импорт и ------------------------ ДОО.

На ден 09.07.2026 година, Државен инспекторат за шумарство и ловство ја информирал ДКСК дека по однос на наводите внесени во барањето, не е надлежен да постапува.

На ден 23.06.2026 година, Основното јавно обвинителство ---------------- ја извести ДКСК дека постапува и има оформено предмет по поднесена кривична пријава од МВР ОВР НК КР --------------, против одговорното лице на ЈП ---------------------------------------------------------- од ------------, во врска со сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 ст.3 и ст.1 в.в член 45 од Кривичен Законик, во ОЈО Делчево, по која е оформен предмет КО.бр.-----/2026. Истата пријава, со сите списи на 09.06.2026 година е доставена на надлежно постапување на ОЈО Скопје, како надлежно јавно обвинителство.

Со оглед на фактот дека пријавените наводи се од поширок јавен интерес и се однесуваат на работи за кои се потрошени буџетски средства во поголема вредност, а имајќи во предвид дека ДКСК не располага со доволно алатки за проверка на истите, како и имајќи во предвид дека Основното Јавно Обвинителство Скопје веќе постапува по кривична пријава поднесена против одговорното лице на ЈП ---------------------------- кој ги склучил купопродажните договори кои се предмет на испитување на овој предмет, ДКСК одлучи предметот со целокупната прибавена документација да ја достави на надлежно постапување до Основното јавно обвинителство Скопје.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради тоа што постапува друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., Член на ДКСК/Anëtar i KSHPK